Согласно членовите 3, 14 и 16 од Законот за политички партии (Службен весник на РМ, бр. 76 од 27.10.2004 г.) Нова социјалдемократска партија, на своето основачко собрание, одржано на 17.12.2005 година во Скопје, го усвои својот Статут.

Првиот конгрес на НСДП, одржан на 22.3.2008 година во Скопје, изврши измени и дополнувања на Статутот.

# С Т А Т У Т

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Име, скратено име и седиште на Партијата

Член 1

Името на Партијата е НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА.
Скратеното име на Партијата е НСДП.

Член 2

Нова социјалдемократска партија е правно лице, со седиште во Скопје, ул. "Даме Груев" бр. 7.

### 2. Идејни основи и цели на Партијата

Член 3

Нова социјалдемократска партија (во натамошниот текст НСДП) е политичка партија со социјалдемократска ориентација во којашто членуваат слободни и одговорни личности организирани заради заедничко дејствување врз следниве идејни основи:

- остварување социјална еманципација на граѓаните во Република Македонија и изградба на општество на социјална правда;
- почитување на човекот, неговото достоинство и неговите права и слободи, согласно демократските и цивилизациски придобивки;
- развој на демократијата и обезбедување еднаквост на граѓаните;
- обезбедување економска демократија и заштита на правата од работен однос;
- развој на функционално пазарно стопанство и создавање услови за рамноправност на стопанските субјекти;

- почитување на уставниот поредок со кој се гарантира самостојност, независност, унитарност и територијален интегритет на Република Македонија;

- изградба на Република Македонија како суверена, демократска и правна држава;

- негување на културните вредности и историските придобивки на македонскиот народ и на етничките заедници кои живеат во Република Македонија;

- примена на европските вредности во Република Македонија и нејзино непосредно вклучување во европските и евроатланските интеграциони процеси;

- реализирање на правата и слободите гарантирани со меѓународните документи за Македонците во соседните земји и развивање на постојана културна и духовна комуникација со нив;

- соработка со иселениците и со граѓаните од Македонија на работа во странство.

Идејните основи од став 1 на овој член подробно се разработуваат во Програмата и во други документи на НСДП.

Член 4

Нова социјалдемократска партија ги има следниве цели:

- градење граѓанско, демократско, плуралистичко општество во унитарна држава и современо мултиетничко општество во кое ќе се почитуваат човековите права и ќе владее правото;

- решавање на егзистенцијалните потреби на граѓаните: вработување, здравствена заштита, образование, социјална заштита и слично, односно изградба на општество на подеднакви шанси;

- создавање општество на благосостојба како долгорочна цел;

- еднаквост и правичен социјален поредок во сите општествени сфери;

- изградба на општество на слободни луѓе, пазарна економија без експлоатација, демократски институции без корупција, општество во кое ќе се живее правичен и осмислен живот;

- решавање на проблемите поврзани со судбината и стратешките интереси на Република Македонија;

- нова демократска социјална држава со нејзина смалена улога во економскиот живот, а зголемена во регулирање на социјалните права;

- развој на демократија со одговорност;

- прифаќање на пазарните принципи во економијата со умерена интервенција на државата;

- нова комбинирана економија со засилена ефикасност на пазарот;

- почитување на културата и специфичностите на граѓаните, нивните еднакви права и одговорности;

- почитување на верските слободи и правото на слободен избор на вероисповест;

- афирмација на рамноправноста меѓу половите;

- заштита на човековата околина во согласност со меѓународните документи;

- постигнување бесплатност во школувањето и здравството како крајна цел;

- изградба на нов политички морал и промовирање нова политичка култура;
- грижа за лицата со посебни потреби.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Облици на дејствување

Член 5

НСДП делува преку соодветни облици на организационо делување, органи и работни тела, преку поединечната активност на своите членови, преку соработка со други политички и синдикални организации и неполитички здруженија, преку разни видови на влијанија врз јавното мислење, како и низ други форми и начини на демократско дејствување во општеството.

Во остварувањето на своите цели, НСДП користи демократски, парламентарни и вонпарламентарни средства и се противи на недемократските или други насилни методи.

НСДП ќе соработува со другите политички партии во Р. Македонија и во странство, особено со оние кои имаат блиски програмски и политички определби и цели.

НСДП ќе настојува да се зачлени во Социјалистичката интернационала.

### 2. Членство

Член 6

Во НСДП може да се зачлени секој полнолетен граѓанин - државјанин на Република Македонија, кој доброволно ќе потпише пристапница за членство во Партијата и кој ги прифаќа одредбите од овој Статут и од Програмата за работа.

Член 7

Членот на НСДП ги има следниве права и обврски:

- да учествува во утврдувањето и остварувањето на политиката на Партијата;
- самостојно да презема иницијативи што не се спротивни на овој Статут и на основните програмски и политички ставови на Партијата;
- да избира и да биде избиран во сите органи на Партијата;
- да биде информиран за активностите на Партијата;
- да биде кандидат на партиските листи за парламентарните, претседателските и локалните избори;
- својата активност да ја извршува во согласност со овој Статут;
- редовно да ја плаќа членарината и, ако сака, да дава прилози и други облици на помош во рамките на своите можности;

- членот има право да го издвои своето мислење по определено прашање и врз основа на изнесени аргументи да инсистира другите да го прифатат неговото мислење. Ако не успее да се избори за прифаќање на неговото мислење односно став, членот на НСДП има право да придобива свои приврзаници и внатрепартиска поддршка за определеното прашање, при што е потребно да подготви платформа за дејствување, согласно програмските определби на НСДП.

Член 8

Членувањето во НСДП престанува со напуштање на Партијата, со поднесување писмена изјава за истапување, или со утврдување на престанокот на неговото членство.

Членството во Партијата престанува во случај на:

- утврдено истовремено членување во друга политичка партија регистрирана на територијата на Република Македонија;

- доколку како пратеник во Собранието на Република Македонија, градоначалник, советник од редовите на НСДП или избран функционер во извршната власт не дејствува во согласност со Програмата и Статутот на Партијата;

- доколку со своето однесување и работење го урива угледот на Партијата;

- доколку со своето политичко дејствување работи спротивно на Статутот и Програмата на Партијата.

Одлука за утврдување на престанок на членството во Партијата донесува Извршниот одбор на општинската организација, или Извршниот одбор на Централниот одбор на Партијата.

Одлука за утврдување на престанок на членството во Партијата за членови на Централниот одбор на НСДП, неговиот Извршен одбор, за членови на Парламентарната група и за членови во извршната власт донесува Централниот одбор на НСДП.

Одлуката задолжително му се доставува на членот во писмена форма.

Членот за кого Извршниот одбор на општинската организација на НСДП констатира дека му престанува членството има право на жалба во рок од 15 дена до Централниот одбор на НСДП, чија одлука е конечна.

Членот за кого е утврдено дека му престанува членството од страна на Централниот одбор на НСДП, има право на жалба во рок од 15 дена до Надзорниот одбор на НСДП, чија одлука е конечна.

Член 9

Во активностите на НСДП можат да учествуваат и партиски неопределени лица - симпатизери на Партијата, кои можат да присуствуваат и на седници на органите и во работните тела на Партијата, но без право на одлучување и без активно и пасивно бирачко право.

## 3. Претставување, застапување и јавност во работата на НСДП

Член 10

Претседателот на НСДП, ја претставува и застапува Партијата во рамките на нејзината редовна активност, а надвор од тоа врз основа на посебна одлука на надлежен партиски орган.

Претседателот на Партијата, во границите на своите овластувања, може да овласти и други лица како застапници на Партијата, со јасно прецизирани овластувања и дефинирано времетраење.

Член 11

Работата на НСДП е транспарентна.

За почитувањето на начелото на јавност во работата на Партијата се грижи Претседателот, Централниот одбор и Извршниот одбор на НСДП.

## 4. Организациона структура и органи на НСДП

Член 12

Принципот на организирање на НСДП е врз територијална основа.

Со одлука на надлежните органи, може да се организираат интересовни облици на организирање на членството (комисии, совети, организации, активи, секции, клубови и конференции).

Член 13

Членството на НСДП е организирано на: месно, општинско, регионално (по изборни региони) ниво и на ниво на држава.

Член 14

*Месната организација на НСДП* е основна форма на организирање во која на определено избирачко место или на повеќе избирачки места се реализираат политичката волја и правата и обврските на членовите на Партијата утврдени во овој Статут.

Член 15

Одлука за основање месна организација донесува Извршниот одбор на општинската организација на НСДП, на барање од најмалку 5 членови на Партијата, што е истовремено и минималниот број на членови за основање месна организација.

За секое спојување, менување и укинување на месна организација, одлука донесува Извршниот одбор на општинската организација.

Надлежниот орган на општинската организација, во зависност од бројот на членовите на Партијата, може да донесе одлука општинската организација да

биде организационен облик на поврзување на сите членови од општината, без месни организации.

Месната организација се состанува редовно, најмалку еднаш во три месеци. Примерок од записникот воден на состанокот се доставува до Извршниот одбор на општинската организација. За активностите и вкупното дејствување на членовите, како и за облиците на дејствување и поврзување на подрачјето на месната организација се изготвува годишен извештај кој е предмет на оценка на состаноците на месната организација и на органите на НСДП.

Член 16

Месната организација:

- избира делегати за Конференцијата на ОО на НСДП;
- евидентира кандидати за пратеници, градоначалници и советници во советите на општините и Градот Скопје.

Член 17

Членовите на месната организација одржуваат изборен состанок на кој избираат претседател и секретаријат од 4 до 8 члена.

Во месните организации со помалку од 15 членови се избираат претседател, заменик-претседател на организацијата и благајник.

Мандатот на избраните лица трае четири години, со право на повторен избор.

Член 18

Месната организација може полноважно да расправа и да одлучува ако на нејзините состаноци присуствуваат една третина од членовите на организацијата.

Одлуките, ставовите и предлозите на состаноците на месните организации се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните.

Член 19

Претседателот и секретаријатот на месната организација се должни, во соработка со извршниот одбор на општинската организација, да обезбедат услови за остварување на правата и обврските на членовите, што произлегуваат од овој Статут.

Член 20

*Општинската организација на НСДП* е форма на поврзување и дејствување на месните организации, односно на членството од подрачјето на општината.

Минималниот број на членови за основање на општинска организација на НСДП е 20 кои се истовремено и членови на Конференцијата на општинската организација на НСДП.

Одлука за основање и престанок на дејствување на општинска организација донесува Централниот одбор на НСДП.

Централниот одбор може со своја одлука да основа регионални и други облици на поврзување и дејствување на општинските организации, а нивните надлежности се утврдуваат со одлуката за основање.

Член 21

Општинските организации имаат право на приходи врз основа на правилник за материјално-финансиско работење што го донесува Централниот одбор на НСДП.

Член 22

Органи на општинската организација на НСДП се: *Конференција, Претседател, Извршен одбор и Надзорен одбор.*

Член 23

*Конференцијата* е највисок орган на општинската организација и ја сочинуваат:

- Претседателот на општинската организација;
- членовите на Извршниот и на Надзорниот одбор на општинската организација;
- по еден делегат на определен број членови од месните организации и од интересовните облици на организирање, утврден со одлуката за свикување на Конференцијата;
- советниците на НСДП во Советот на општината
- членовите на Централниот одбор на НСДП, Надзорниот одбор на НСДП, пратениците, министрите, замениците-министри од соодветната општинска организација на НСДП, Претседателот на локалниот клуб на Нова социјалдемократска младина на НСДП, Претседателката на ОО на жените на НСДП и градоначалникот, доколку е од редовите на НСДП.

Член 24

Конференцијата на општинската организација се свикува најмалку еднаш годишно, со одлука на Извршниот одбор на општинската организација, а секоја четврта година се состанува на изборна седница.

Конференцијата се свикува задолжително пред локалните избори, заради утврдување кандидати за органите на локалната самоуправа, како и пред парламентарните избори заради изградување на став и предлагање на кандидати за пратеници.

Конференцијата задолжително се свикува по локалните, парламентарните и претседателските избори на којштo се расправа и се врши анализа на изборните резултати како и изјаснување за довербата во избраните органи на општинската организација.

Доколку на избраните органи на општинските организации на НСДП не им се изгласа доверба, во рок од 30 дена, се закажува вонредна изборна конференција за избор на нови органи чиј мандат трае до крајот на мандатот на Конференцијата.

Извршниот одбор ја свикува Конференцијата и по барање на Претседателот на НСДП, Надзорниот одбор или најмалку 1/3 од месните организации.

Конференцијата на општинската организација може да ја свика и Надзорниот одбор на општинската организација или Претседателот на НСДП доколку Извршниот одбор во рок од 2 месеца не постапи во согласност со став 2 и став 3 од овој член.

Одлуката за свикување на Конференцијата се објавува најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување.

Кога Конференцијата се свикува согласно став 2, 3 и 5 на овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите избрани од месните организации за изборната седница на Конференцијата трае четири години.

Мандатот на делегатите со кои се прават замени, дополнување и проширување во составот на Конференцијата е во рамките на четиригодишниот мандат на делегатите.

Член 25

Конференцијата на општинската организација:

- учествува во градењето и остварувањето на Програмата на Партијата;
- избира Претседател, членови на Извршниот одбор и на Надзорниот одбор на општинската организација;
- избира делегати за Конгресот - Конвенцијата на НСДП, според одлуката за составот на Конгресот - Конвенцијата;
- предлага кандидати за органите на НСДП;
- утврдува кандитати за органите на локалната самоуправа и кандидати за парламентарните избори и за функционери во локалните и републичките органи;
- еднаш годишно расправа по извештаите на општинската организација на НСДП;
- расправа за извештаите на органите на НСДП;
- донесува деловник за својата работа;
- по потреба, разгледува и други прашања сврзани со работата на Партијата.

Член 26

*Претседателот* на општинската организација:

- ја претставува и застапува општинската организација;
- ги свикува и раководи со состаноците на општинската организација;
- раководи со општинската организација меѓу седниците на извршниот одбор;

- ги свикува и претседава со седниците на Извршниот одбор на општинската организација;

- еднаш годишно поднесува извештај до Конференцијата на општинската организација на НСДП;

- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со деловникот за работа и со посебни одлуки и акти на Извршниот одбор на општинската организација и на другите органи на НСДП.

Мандатот на Претседателот трае четири години, со право на повторен избор.

Член 27

*Извршниот одбор на општинската организација на НСДП* го сочинуваат:

- Претседателот на општинската организација;

- 10 до 20 членови што ги избира Конференцијата од редот на членовите на општинската организација.

Во работата на Извршниот одбор на општинската организација на НСДП, учествуваат: членот на ЦО на НСДП, Претседателот на Надзорниот одбор на Општинската организација**,** Претседателот на локалниот клуб на Нова социјалдемократска младина на НСДП**,** Претседателката на ОО на жените на НСДП, избрани и именувани функционери на предлог од НСДП, без право на одлучување.

Извршниот одбор од својот состав избира секретар.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор на општинската организација и на Секретарот на Извршниот одбор трае четири години, со право на повторен избор.

Член 28

*Извршниот одбор на општинската организација* е политичко - извршен орган кој:

- раководи со општинската организација меѓу две конференции;

- се грижи за извршување на одлуките на Конференцијата и на повисоките органи на Партијата;

- дава политички оценки и потврдува политички ставови;

- согласно условите од член 15 став 2 од овој Статут донесува одлука за основање, односно престанок на месна организација;

- донесува одлуки за основање интересовни форми на организирање на општинско ниво;

- донесува деловник за својата работа;

- расправа и решава за други прашања што се во негова надлежност и што произлегуваат од програмските и статутарните одредби;

- еднаш годишно поднесува извештај до Конференцијата на општинската организација.

Член 29

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив претседава Претседателот на општинската организација, односно Секретарот или друг член на Извршниот одбор кога тоа е предвидено со деловникот за работа.

Седница на Извршниот одбор може да биде свикана и по барање на 1/3 од членовите на Извршниот одбор, како и од Надзорниот одбор на Општинската организација на НСДП.

Седници на Извршниот одбор на општинската организација на НСДП се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно.

Член 30

Правата и обврските на Претседателот и на Секретарот на општинската организација и на членовите на Извршниот одбор се уредуваат со деловник, врз основа на овој Статут.

Член 31

*Надзорниот одбор на општинската организација на НСДП* е составен од 5 члена.

Надзорниот одбор, од својот состав, избира Претседател.

Мандатот на Претседателот и на членовите на Надзорниот одбор трае четири години, со право на повторен избор.

Надзорниот одбор работи на седници коишто се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

Седниците ги свикува и со нив претседава Претседателот на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор ја оценува статутарноста на актите и на одлуките, ја контролира финансиската и деловната активност на организацијата и на Конференцијата и поднесува извештај за својата работа. Извршува и други работи предвидени со овој Статут и со одлуките на Конференцијата.

Доколку органите на општинската организација на НСДП не се изјаснат за заклучоците на Надзорниот одбор на општинската организација, тој е должен со своите согледувања и ставови да го запознае Надзорниот одбор на НСДП.

На Надзорниот одбор му се достапни сите релевантни податоци и документи, а за тоа е одговорен Претседателот на општинската организација.

Член 32

*Органи на НСДП на државно ниво се*: *Конгрес, Претседател, Централен одбор и Надзорен одбор.*

Член 33

*Конгресот на НСДП* го сочинуваат:

- Претседателот;
- членовите на Централниот одбор и на Надзорниот одбор;

- претседателите на општинските организации и Претседателот на Нова социјалдемократска младина на НСДП, односно вршителите на овие функции во моментот на одржувањето на Конгресот;

- по 1 делегат на определен број членови од општинските организации на НСДП, утврден со одлуката за свикување на Конгресот;

- членовите на Пратеничката група на НСДП, министрите, замениците министри и градоначалниците од НСДП.

Член 34

*Конгресот на НСДП* е највисок орган на Партијата.

Конгресот се состанува на изборна седница секоја четврта година.

Одлука за свикување на Конгресот донесува Централниот одбор.

Конгресот може да биде свикан како вонреден и пред рокот од четири години.

Конгресот, пред рокот утврден со овој Статут, се свикува на барање на Претседателот на НСДП, на најмалку 1/3 од членовите на Централниот одбор и Надзорниот одбор или на барање на најмалку 1/3 од општинските организации на НСДП.

Конгресот на НСДП може да го свика и Надзорниот одбор или Претседателот на НСДП доколку Централниот одбор во рок од два месеца не постапи во согласност со став 3 и 4 на овој член.

Конгресот во својство на Конвенција се свикува задолжително пред парламентарните и пред претседателските избори заради утврдување кандидати за изборите како и по парламентарните, претседателските и локалните изборите заради анализа на изборните резултати и изјаснување за довербата во органите на НСДП, со оглед на изборните резултати.

Одлуката за свикување на Конгресот, односно Конгресот во својство на Конвенција се објавува најмалку 15 дена пред денот на одржувањето.

Кога Конгресот се свикува во смисла на став 5, 6 и 7 на овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите кои се избрани од општинските конференции за изборната седница на Конгресот трае четири години.

Мандатот на делегатите со кои се прават измени и дополнување во составот на Конгресот е во рамките на четиригодишниот мандат на целиот Конгрес.

Член 35

*Конгресот на НСДП:*

- донесува деловник за својата работа;
- донесува измени и дополнувања на Програмата и Статутот на Партијата;
- го одобрува извештајот за работата на органите меѓу две изборни седници - конгреси;
- го утврдува бројот на членовите на органите и носителите на функции на НСДП;
- избира Претседател на Партијата;
- избира членови на Централниот одбор и на Надзорниот одбор;

- ја утврдува одговорноста на носителите на функции што ги избира;
- по потреба, разгледува и други прашања сврзани со работата на НСДП.

Член 36

*Конгресот - Конвенцијата на НСДП:*
- утврдува кандидати за учество на претседателските и на парламентарните избори;
- утврдува изборна програма на Партијата.

Член 37

*Претседателот на НСДП:*
- ја претставува и застапува Партијата;
- раководи со Партијата меѓу седниците на нејзините органи;
- учествува во градењето на политиката на НСДП;
- ги свикува седниците на Централниот одбор и на Извршниот одбор;
- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со општите акти и со посебните одлуки на органите на Партијата.

Мандатот на Претседателот на Партијата трае четири години, со право на повторен избор.

Член 38

*Централниот одбор на НСДП* го сочинуваат:
- Претседателот;
- 80 до 100 члена што ги избира Конгресот.

Мандатот на членовите на Централниот одбор трае четири години, со право на повторен избор.

Член 39

Централниот одбор на НСДП е највисок орган на Партијата меѓу два конгреса кој:
- раководи со Партијата меѓу два конгреса и се грижи за извршување на неговите одлуки;
- дава политички оценки и утврдува политички ставови на Партијата;
- Централниот одбор по предлог на Претседателот на Партијата од својот состав избира: Извршен одбор, потпретседатели и секретари;
- донесува одлука за бројот на членовите на Извршниот одбор и за бројот на потпретседателите и на секретарите;
- со посебна одлука може да избира или именува и други носители на функции во Партијата;
- донесува одлуки за основање интересовни форми на организирање и нивно членство на републичко ниво;
- решава по жалби на одлуките на извршните одбори на општинските организации;
- донесува одлука за распуштање одделна општинска организација;

- им предлага на Конгресот - Конвенцијата кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и за претседател на државата, како и кандидати за внатрешно-партиските избори;

- се грижи за учество на парламентарните и претседателските избори имајќи ги предвид програмските определби за соодветно почитување на релевантните критериуми во процесот на кандидирање;

- донесува одлуки за распишување внатрепартиски избори и ги утврдува критериумите и постапката за избор на членовите и органите;

- донесува одлуки за коалицирања;

- ја утврдува одговорноста на носителите на функции што ги избира;

- ги разгледува и утврдува годишните финансиски планови и извештаите за деловната политика на Партијата;

- ги утврдува начинот и облиците на материјална поддршка на Партијата во смисла на член 7 алинеа 7;

- ја води финансиската политика на Партијата и управува со нејзиниот имот;

- именува директор на Центарот за документација, анализи и информирање со мандат од три години, а неговите надлежности се утврдуваат со посебна одлука на Централниот одбор;

- основа постојани и повремени работни тела (одбори, комисии, проектни групи) чиј делокруг на работа се утврдува со одлуката за нивно основање;

- донесува одлуки за основање на стручна служба на Партијата и други облици за вршење на својата дејност;

- донесува акт за висината и начинот на плаќањето на партиската членарина;

- донесува деловник за својата работа;

- по потреба, решава и за други прашања сврзани со работата на Партијата кои со Статутот или со друг општ акт не се ставени во надлежност на друг орган на Партијата.

Член 40

Седниците на Централниот одбор ги свикува и со нив претседава Претседателот.

Во случај на отсуство на Претседателот, седниците може да ги свикува потпретседател, секретар или член на Извршниот одбор, кога тоа е предвидено со Деловникот за работа на Централниот одбор.

На седниците на Централниот одбор се покануваат Претседателот на Надзорниот одбор, членовите на Пратеничката група, министрите, замениците-министри, избрани и именувани функционери на предлог од НСДП, Претседателот, потпретседателите и Секретарот на Нова социјалдемократска младина на НСДП, претседателката и потпретседателките на Организацијата на жените на НСДП, без право на одлучување.

*Член 41*

*Извршниот одбор на Централниот одбор на НСДП* го сочинуваат:

- Претседателот;

- потпретседателите;
- секретарите и
- определен број на членови, согласно одлука на Централниот одбор на НСДП.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае четири години, со право на повторен избор.

Член 42

*Извршниот одбор* е политичко-извршен орган на Централниот одбор на НСДП, кој:

- учествува во градењето и изразувањето на политичката волја на Партијата;
- ги реализира заклучоците и ставовите на Централниот одбор што се однесуваат на организираноста и внатрешниот живот на Партијата;
- ги обработува прашањата од внатрешен, организационен и кадровски карактер и е одговорен за ефикасното спроведување на професионалните работи за потребите на Партијата;
- го води тековното финансиско и материјално работење на Партијата и донесува соодветни одлуки и други акти;
- ги разгледува иницијативите, предлозите, мислењата и молбите што се упатени до него, односно што се однесуваат на организационите прашања на Партијата;
- донесува акти и ги решава сите прашања од областа на работните односи на вработените во стручната служба на Партијата;
- по потреба, формира работни групи за изработка и извршување на задачите од неговата надлежност;
- донесува деловник за својата работа.

Со работата на Извршниот одбор раководи Претседателот, односно еден од потпретседателите, еден од секретарите, или член на Извршниот одбор кого ќе го овласти Претседателот.

Во работата на Извршниот одбор, по покана, учествуваат Претседателот на Надзорниот одбор, Координаторот на Парламентарната група на НСДП во Собранието на РМ и Претседателот на Нова социјалдемократска младина на НСДП, без право на одлучување.

Член 43

Правата и надлежностите на потпретседателите и на секретарите се утврдуваат со одлука на Централниот одбор, по предлог на Претседателот на НСДП.

Член 44

*Комисиите на Партијата* се советодавни тела на Извршниот одбор.

Со работата на секоја од комисиите раководи Претседател кого го избира Централниот одбор, по предлог на Претседателот на Партијата.

Членовите на комисиите ги избира Извршниот одбор, по предлог на претседателите на комисиите.

Комисиите ги имаат следниве надлежности:

- помагаат во заземањето ставови за прашања од работата на Партијата и учествува во градењето и изршувањето на експертските активности на Партијата;

- ги реализираат заклучоците и ставовите на Извршниот одбор што се однесуваат на стручното мислење на Партијата;

- ги разгледуваат иницијативите, предлозите, мислењата и молбите што се упатени до неа, а што се однесуваат на експерските прашања;

Комисиите се формираат за извршување на задачите за секоја област од општественото живеење, а особено за следните области:

- стопанство;
- информатичко општество и телекомуникации;
- меѓународна политика;
- право;
- енергетика;
- безбедност и одбрана;
- земјоделство, шумарство и водостопанство;
- туризам;
- локална самоуправа и регионален развој;
- соработка со невладини организации;
- информирање и комуникација со јавност;
- млади и спорт;
- животна средина;
- образование и наука;
- природни ресурси;
- здравство;
- труд и социјална политика;
- култура и уметност;
- транспорт, градежништво, урбанизам и комунални дејности;
- други области.

Комисиите како советодавни тела функционираат на сите нивоа на територијалната организација.

Работата на комисиите се регулира со посебен правилник.

Член 45

*Надзорниот одбор на НСДП* се состои од 9 членови.

Надзорниот одбор, од својот состав, избира претседател и негов заменик.

Мандатот на Претседателот и на членовите на Надзорниот одбор трае четири години, со право на повторен избор.

Надзорниот одбор:

- ја надгледува финансиската и деловната активност на Партијата и на сите нејзини облици на организирање;
- ја оценува статутарноста на актите и одлуките;
- дава толкување на Статутот меѓу две седници на Конгресот;

- поднесува извештај за својата работа на Конгресот; и
- донесува деловник за својата работа.

На Надзорниот одбор му се достапни сите релевантни податоци и документи, а за тоа се грижи Претседателот на НСДП.

Надзорниот одбор одлучува по жалби на одлуки од Централниот одбор.

Член 46

*Советот на НСДП* е советотдавно тело на Конгресот и на Централниот одбор, составен од 30-40 истакнати научни, културни и јавни работници, кој им помага во утврдувањето на ставови за прашања од работата на Партијата.

Претседателот на Советот го избира Централниот одбор.

Мандатот на претседателот и на членовите на Советот трае четири години.

Членовите на Советот не мора да бидат членови на НСДП.

Центалниот одбор донесува посебен правилник за работа на Советот.

## 5. Начин на одлучување

Член 47

Органите на НСДП полноважно одлучуваат ако на состаноците се присутни повеќе од половината од членовите кои ги сочинуваат органите, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Ако за исто прашање постојат повеќе предлози, за усвоен се смета оној предлог што добил мнозинство гласови од присутните.

Со деловникот за работа или со посебна одлука може да се предвиди и посебна постапка за усвојување на одлуките во повеќе кругови на изјаснување, при што во процесот на изјаснување отпаѓаат предлозите со најмал број гласови, се додека со изјаснувањето не се утврди дали некој од предлозите добил мнозинство гласови од присутните.

Ако при изјаснувањето значително малцинство, односно најмалку 30% од вкупниот број членови на органот се изјасни против донесувањето на одлуката или се воздржани, донесувањето на одлуката се одложува до наредната седница на соодветниот орган и тогаш одлуката се донесува со мнозинство гласови.

Малцинството од став 4 на овој член не смее да трпи никакви последици за изнесените ставови.

## 6. Избор и разрешување

Член 48

Постапката и критериумите за кандидирање**,** избор и разрешување на членовите на органите и носителите на функции во органите се утврдуваат со одлука на Централниот одбор.

Со одлука на Централниот одбор се утврдуваат критериумите и принципот на деакумулација на функции.

Член 49

Изборот на носителите на функции во НСДП се врши со тајно гласање.

Избрани се оние кандидати кои добиле најголем број гласови, односно гласови од присутните, но притоа мора да имаат повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членовите на органот кој го избира носителот на функцијата.

Доколку во првиот изборен круг не биде избран ниту еден од кандидатите, во вториот изборен круг влегуваат двајцата кандидати кои освоиле најголем број на гласови, а за избран се смета кандидатот којшто добил најголем број гласови, но тоа мора да биде повеќе од 1/3 од вкупниот број на присутните членови.

Доколку и по вториот изборен круг ниту еден од кандидатите нема да биде избран, постапката на избор се повторува со нова листа.

Член 50

Изборот на членовите на органите на НСДП се врши со тајно гласање.

Избрани се оние кандидати кои добиле најголем број гласови, но притоа мора да има повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членовите на органот кој го врши изборот на кандидатите.

Ако при гласањето не е избран потребниот број членови на органот, дополнително се избираат онолку кандидати колку што е потребно за да се пополни составот на органот, на начин што се определува со деловник или што ќе го утврди избирачкото тело.

Во сите органи на НСДП мора да има најмалку 20% членови помлади од 30 години и најмалку 30% од обата пола.

Член 51

На органите на НСДП им е изгласана недоверба ако за таквата недоверба гласале повеќе од половината од присутните, но не помалку од 1/3 од вкупниот број на членови на органот кој гласа.

Во случај на изгласана недоверба, органите продолжуваат да ги извршуваат своите функции дефинирани со Статутот до изборот на нов состав.

Член 52

Доколку на избраните органи на Републичката, односно општинската организација, им се изгласа недоверба, во рок од 30 дена, се закажува вонреден Конгрес, односно конференција за избор на нови органи, чиј мандат трае до крајот на постојниот мандат на Конгресот, односно конференцијата.

Доколку се изгласа недоверба на Претседателот на НСДП, во рок од 30 дена се свикува вонреден Конгрес и се врши нов избор на сите органи на НСДП чиј мандат трае 4 години.

Доколку се изгласа недоверба на други носители на функции и органи, во рок од 30 дена, се свикува седница на соодветниот орган кој ги избира. Мандатот на новите членови трае до крајот на постојниот мандат.

## 7. Пратеници и советници на НСДП

Член 53

Постапката и критериумите за утврдување кандидати за пратеници и за градоначалници и советници во општините и во Град Скопје се утврдуваат со правилник што го донесува Централниот одбор.

Член 54

Пратениците од НСДП, избрани во Собранието на Република Македонија, формираат Пратеничка група во Собранието заради координирање на сопственото дејствување.

Член 55

Членовите на пратеничката група од своите редови избираат координатор и заменик-координатор.

Пратеничката група дејствува во согласност со правилата за работа на пратеничката група што ги усвојува како свој деловник, а во согласност со одлуката на Централниот одбор.

Член 56

Пратеничката група најмалку двапати годишно поднесува извештај за својата работа пред Централниот одбор и ја усогласува својата активност со него. Таа донесува свои оцени и ставови во однос на прашањата што се предмет на парламентарните дебати.

Член 57

Советниците во советите на општините и на Градот Скопје од редовите на НСДП формираат советничк**а** група заради координирано дејствување.

Членовите на советничката група од своите редови избираат координатор и заменик-координатор.

Советничката група најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа пред извршниот одбор на општинската организација.

Советничката група редовно ја усогласува својата работа со оние органи кои донесуваат оценки и ставови во однос на прашањата што се предмет на расправа на советите.

## 8. Нова социјалдемократска младина на НСДП

Член 58

*Нова социјалдемократска младина* на НСДП е организација на младите членови во Партијата којашто, врз основа на програмските документи на Партијата, дејствува во рамките на НСДП.

Одлука за основање и распуштање на Нова социјалдемократска младина на НСДП донесува Централниот одбор.

Член 59

Во активностите на Нова Социјалдемократска младина на НСДП можат да учествуваат и симпатизери на НСДП.

Член 60

Членовите на Нова социјалдемократска младина на НСДП избираат свои органи на сите организациони нивоа и нивните претставници се директно вклучени во работата на органите на НСДП.

Член 61

Организационата поставеност и односите во Нова социјалдемократска младина на НСДП се регулираат со посебен акт- статут.

## 9. Организација на жените на НСДП

Член 62

Организацијата на жените на НСДП е доброволна организација која ја сочинуваат жените членки на НСДП.

Одлука за основање и распуштање на Организацијата на жени на НСДП донесува Централниот одбор.

Организацијата на жените се занимава со положбата и правата на жените во општеството, во согласност со европските и светските стандарди и конвенции.

Член 63

Во активностите на Организацијата на жените на НСДП можат да учествуваат и симпатизерки на НСДП.

Член 64

Членките на Организацијата на жените на НСДП избираат свои органи на сите организациони нивоа.

Член 65

Организационата поставеност и делувањето на Организацијата на жените на НСДП се регулираат со посебен акт-статут.

## 10. Стекнување и располагање со средствата на НСДП

Член 66

НСДП и нејзините организациони облици стекнуваат финансиски средства и друг имот од:

- партиска членарина;
- донаторство и прилози од членови и симпатизери;
- други приходи од физички и правни лица;
- Буџетот на Република Македонија.

Централниот одбор на НСДП донесува посебен правилник за материјално-финансиското работење на Партијата.

## 11. Истражувачка и пропагантна дејност во НСДП

Член 67

Заради промоција на политичките ставови на Партијата, НСДП издава билтени, летоци и друг пропагантен материјал, а врши и научно - истражувачки активности, доколку е тоа дозволено со Закон.

Официјална веб страница на НСДП е: www.nsdp.org.mk

## 12. Престанок на функција во органите на Партијата

Член 68

Функција во органите на Партијата престанува со разрешување или со поднесување оставка.

Одлука за разрешување на член на орган или носител на функција донесува органот на соодветното ниво на организираност од страна на оној којшто го извршил изборот, на начин на кој се избираат членовите на органите или носителите на функции.

Член 69

Предлог за разрешување може да поднесе конференцијата на општинската организација на НСДП, Извршниот одбор на соодветното организационо ниво и Централниот одбор на НСДП.

Предлог за разрешување на член на орган на Партијата на државно ниво можат да поднесат Претседателот на НСДП или најмалку 1/3 од делегатите на Конгресот.

Член на Извршниот одбор на Централниот одбор се разрешува на начин на кој е избран на таа функција, а предлогот може да го поднесат Претседателот на НСДП или Извршниот одбор на Централниот одбор.

Претседателот на НСДП се разрешува на начин на кој е избран на таа функција, а предлогот може да го поднесат најмалку 1/2 од општинските организации на НСДП или најмалку 1/2 од членовите на Централниот одбор.

Членот на органот или носителот на фукција, кој со одлука е разрешен од должноста, има право на жалба во рок од 15 дена до Надзорниот одбор, чија одлука е конечна.

Член 70

Носителот на функција оставка поднесува до органот што го избрал.

Подносителот на оставката има право и должност писмено или усно да ја образложи оставката.

## 13. Распуштање на организационен облик на НСДП

Член 71

Централниот одбор може да донесе одлука за распуштање на организационен облик на НСДП поради целосно престанување на неговата работа, поради намалување на обемот на дејноста на органот или поради неостварување на програмските, статутарните и политичките цели на Партијата.

Против одлуката за распуштање може, во рок од 15 дена да се поднесе жалба од страна на организациониот облик на кој се однесува таа одлука.

Жалбата се поднесува до Надзорниот одбор, чија одлука е конечна.

Член 72

Ако одделни органи на организационите облици на НСДП и организации кои дејствуваат во рамките на НСДП не ги остваруваат програмските, статутарните определби и политичките цели на Партијата, Централниот одбор може да иницира или да свика седница на конференцијата на соодветното ниво заради гласање за доверба на органот и евентуално избор на нов орган.

До изборот на органот од став 1 на овој член Централниот одбор може да именува привремено раководство.

## 14. Стручна служба на НСДП

Член 73

Заради извршување стручни, административни и други работи НСДП основа стручна служба.

Извршниот одбор на НСДП ги донесува општите акти со кои се уредува организацијата и работата на Стручната служба, како и одлуките сврзани со правата и обврските од работниот однос, доколку со овој Статут или со друг општ акт не е поинаку определено.

## 15. Престанок на НСДП и постапување со имотот

Член 74

НСДП може да престане да дејствува :

- со одлука на Конгресот, донесена со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на Конгресот, а по претходна расправа во Партијата;
- кога бројот на членовите ќе се намали под законски определениот број за негово основање.

За престанок на НСДП во случаите на став 1 точка 1 и 2 од овој член Претседателот на Партијата или лице кое го заменува, односно овластено лице од него го известува соодветниот суд во Скопје заради бришење на Партијата од судскиот регистер.

Член 75

Со одлуката за престанување со работа, Конгресот решава и на кого ќе му го даде (отстапи, подари) имотот на НСДП - на државата ( фондови за социјална поткрепа), хуманитарни организации, на Црквата и сл.

## 16. Ознаки на НСДП

Член 76

Знакот на НСДП се состои од жолто сина петоаголна ѕвезда изградена од сонцето и небото. Под ѕвездата е логото на Партијата што го сочинува кратенката од нејзиното полно име-НСДП. Под логото во сива боја е положено полното име на партијата- НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА.

Иницијалите и полното име на Партијата се испишани на македонски јазик и со кирилско писмо.

Знамето на НСДП е бело-жолто хоризонтално положено, со однос на страници 1:2. На првата третина од легнатиот бел траголник стои жолтосината петоаголна ѕвезда, симболот на Партијата.

Свечената варијанта на знамето е бордирана по надворешните страници со бело-срместа реса.

НСДП има тркалезен печат, со пречник од 3 сантиметри, надворешно-обрабен со две напоредни линии. Во внатрешниот круг е испишано полното име на Партијата и нејзиното седиште: НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА - СКОПЈЕ. Во средината на внатрешниот круг е петоаголна ѕвезда, симболот на Партијата.

Текстот на печатот е испишан на македонски јазик и со кирилско писмо.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 77

Измените и дополнувањето на овој Статут ги врши Конгресот на НСДП, со мнозинство гласови од вкупниот број членови присутни на Конгресот.

Член 78

Статутот влегува во сила со денот на донесувањето.
Измените и дополнувањата на Статутот влегуваат во сила со денот на донесувањето.

Член 79

Сите општи акти на Партијата ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 60 денови од денот на неговото влегување во сила.

Претседател,
Тито Петковски